Funded by the European Union



# ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ И УЧЕСТВОТО НА СТУДЕНТИТЕ РОМИ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ТРАНЗИЦИЈАТА НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

# INCREASING ACCESS AND PARTICIPATION OF ROMA STUDENTS IN TERTIARY EDUCATION AND TRANSITION TO LABOUR MARKET

# ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ И УЧЕСТВОТО НА СТУДЕНТИТЕ РОМИ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ТРАНЗИЦИЈАТА НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

# INCREASING ACCESS AND PARTICIPATION OF ROMA STUDENTS IN TERTIARY EDUCATION AND TRANSITION TO LABOUR MARKET

The project is funded by the European Commission through the Directorate- General for Neighbourhood and Enlargement Negotiations and is implemented by Roma Education Fund Romania and Roma Education Fund Serbia

Funded by
the European Union

ROMA EDUCATION FUND

РОМАВЕРЗИТАС ЗА КВАЛИТЕТЕН И УСПЕШЕН КАДАР ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Според податоците на Државниот завод за статистика, во академската 2024/2025 година се запишале 53 535 студенти, што претставува зголемување за 2.3 % во однос на претходната 2023/2024 година. Запишани студенти се 31 734 или 59.3 %.. Најголем број студенти, 76.8 %, се запишале на државните високообразовни установи, додека 23.2 % се запишале на приватните високообразовни установи.
Во прва година на студии, во академската 2024/2025 година, се запишале 14 644 студенти или 27.4 отсто од вкупниот број (тука се опфатени и студентите што се запишуваат во прва година по втор, трет и повеќепати), а 13 825 студенти во прва година се запишале првпат.

Во академската 2024/2025 година најмногу студенти (13 371) се запишале во областа здравство и социјална заштита, потоа во областа бизнис, администрација и право (10 839) и на информатичко-комуникациски технологии (8875). Најмалку запишани студенти имало во областа земјоделство, шумарство, рибарство и ветерина (740) и образование.

Според податоците на Министерството за образование и наука на Северна Македонија, во учебната 2024/2025 година, право на користење стипендија добиле приближно 120 студенти Роми. Тие беа поделени во две категории: студенти Роми кои за прв пат ќе бидат студенти во прва година и студенти Роми кои не се студенти во прва година. Претпоставка е дека од вкупниот број на запишани студенти 0.38 % се Ромски студенти запишани во универзитетите. Од вкупниот број на запишани студенти во прва година 13825 студенти само 0.2 % се Роми кои се запишуваат во прва година на студии.

Заради зголемување на стапката на дипломирање на Ромите на универзитетско ниво Ромаверзитас во академската година 2024/25 спроведе проект: Зголемување на пристапот и учеството на студентите Роми во високото образование и транзицијата на пазарот на трудот", финансиран од Европска Унија и РЕФ.
Проектот: Зголемување на пристапот и учеството на студентите Роми во високото образование и транзицијата на пазарот на трудот ги имаше следните проектни цели :
Зголемување на стапката на дипломирање на Ромите на универзитетско ниво преку :

- спроведување на менторство и поддршка за туторство.
- воспоставување на мрежа од активни средношколци, студенти и алумни

Олеснување на транзицијата кон пазар на труд преку вработливост
Активности за поддршка на потенцијалот за вработување на студентите од високо образование преку : кариерно советување, работни пракси, јазични курсеви, компјутери, градење на капацитети и тренинзи

2.Менторство за успешна завршена година или помош при вработување.
Здружението на граѓани „Ромаверзитас" во рамките на проектот: „Зголемување на пристапот и учеството на студентите Роми во високото образование и транзицијата на пазарот на трудот", финансиран од Европска Унија и РЕФ, во академска учебна година 2024/25, ја спроведуваше активноста менторство. Менторството е активност низ која што поминаа неколку студентски генерации на Ромаверзитас и претставува можност за студентите Роми да соработуваат и бидат менторирани од страна на ментор . Целите на овие активности е да им се помогне на запишаните студенти на факултети, успешна транзиција во следната година на образование или дипломирање,

креирање и реализирање на индивидуални цели на личен и професионален план, носење на информирани одлуки, надминување на проблеми и нејаснотии во текот на образованието, развивање на вештини и капацитети за надминување на образовните предизвици како и настап на пазарот на труд.
Во рамките на проектот беа менторирани на 10 студенти Роми за кој што беа ангажирани 6 ментори од различни факултети за период од два месеци.
Сите менторираните студенти Роми успешно преминаа во следна академска година, завршија факултет или најдоа вработување.
Оваа комуникација и релација помеѓу ментор и студент е двонасочна патека, низ која што како студент ја градам кариерата и паралелно учам од она што менторот го споделува со мене. Додека пак сигурна сум дека и мојот ментор низ процесот на споделување исто така гради своји успеси, вели една од менторираните студенти.



Менторите во рамките на овој проект им помогнаа на 3 студенти, успешно да преминат во следната академска година додека пак другите студенти оваа помош ја користеа за помош и насоки при вработување.

3. Врсничко туторство
Заради зголемување на стапката на дипломирање на Ромите на универзитетско ниво, десет студенти и тутори во периодот од два месеци , беа вклучени во активноста туторство во рамките на проектот: „Зголемување на пристапот и учеството на студентите Роми во високото образование и транзицијата на пазарот на трудот“, финансиран од Европска Унија и РЕФ.

Туторството претставува можност за студентите Роми за користење на помош при совладување на материјалот за одреден предмет/испит, обработка и објаснување на одредени теми и содржини од предметот за полагање на испитот

Сите вклучени тутори придонесоа за студентите да ги положат предмет/испит преку туторство
За еден наставен предмет се одржаа 8 туторски часови месечно во времетрање од 45мин. За таа цел преку туторите кои им помогнаат на студентите да ги положат испитите, од сите наставни предмети беа одржани 80 туторски часови или 3600 работни часови во период од два месеци.



4. Мрежата од активни средношколци, студенти и алумни се главниот потенцијал на Ромаверзитас
Поради неколкугодишното отуство на директна работа на Ромаверзитас во областа на високото и средното образование, се создаде јаз во однос на уписот на средношколците во високо образование како и намалување на севкупната бројка на дипломирани студенти Роми. Тој јаз и во комуникацијата и во резултатите е видлив и во периодот на оваа академска година 2024/2025 год.

Затоа што недостасуваат активности за дополнитешна подршка на запишаните средношколци и студенти, работните пракси, тренинзите и целокупната социјализација, поради што отсуствуваше и комуникацијата поврзаноста на студентите и среднопколците со Ромаверзитас. Заради таа цел во рамките на проектот: „Зголемување на пристапот и учеството на студентите Роми во високото образование и транзицијата на пазарот на трудот“,повторно се работеше на мрежа на проактивни студенти и алумни Роми. Студентите и алумните имаа можност да реализираат дискусии на различни теми, каде лидерството беше предводено од алумните. Ангажираниот истражувач подготви и база на податоци од неколку проактивни студенти кои што беа вклучени во активностите на Ромаверситас во претходната и оваа академска година. . Прашалникот беше подготвен со цел да се добијат податоци за студентите во однос на продолжување на образованието како и транзитирање на пазарот на труд. Со значително помала динамика се продолжи со администрирање на сите Фејсбук групи и страници кои ги вклучуваат студентите и алумните.

5. Кариерно советување и правилно насочување
Кариерното советување е активност која што Ромаверзитас, активно ја планира и спроведува во рамките на проектот за да им овозможи на студентите низа од активности кои ја оспособуваат индивидуата да ги идентификува сопствените способности, компетенции и интереси за да може да донесе одлука за неговото образование, оспособување и професија, да управува со тековите на

својот живот во областа на учењето, работата и другите подрачја каде може да ги стекне и да ги примени своите способности и компетенции.

Според податоците на Државниот завод за статистика, во 2024 година, активното население во Република Северна Македонија изнесува 792 779 лица, од кои вработени се 694 506, а 98 273 лица се невработени. Стапката на активност во овој период е 52.3 %, стапката на вработеност 45.8 %, додека стапката на невработеност изнесува 12.4 %.

Според прегледот на невработени лица според национална припадноство 2025 година  10210 се регистрирани Роми во Агенцијата за вработување.

Стапката на невработеност на младите на возраст од 15 до 24 год. изнесува 21%.. Најголем број на невработеност имаат лица со завршено средно образование и изнесува 42%, а со незавршено основно и завршено основно образование изнесува 18%.

Во рамките на проектот Зголемување на пристапот и учеството на студентите Роми во високото образование и транзицијата на пазарот на трудот“, финансиран од Европска Унија и РЕФ, за период од 4 месеци, десет студенти беа вклучени во активноста кариерно советување, во соработка со експерт кариерно советување. Ангажираниот експерт им помогна на студентите Роми да се стекнат со повеќе информации потребни за успешна транзиција во следното ниво на нивното образование или вработување. Како директен резултат на оваа активност беа подготвени 10 индивидуални кариерни планови кои преставуваат основа за лицата кои што сакаат да транзитираат на пазарот на труд подготвено да аплицираат во некоја од мерките на Агенција за вработување, со посебно внимание на можностите за савработување преку оформување на свој сопствен бизнис.

Според податоците на Ромаверзитас од исказите на студентите произлегува дека овие млади лица најмногу ја користат мерката практиканство во времетраење од 3 месеци а притоа најмногу интерес имаат за мерката младински додаток и самовработување со цел оформување на сопствен бизнис.

На овие студенти им е потребна помош и подршка во понатамошниот процес на аплицирање во АВРСМ за добивање на грант или кредит.

6. Стекнување на работни вештини како основа подобра вработливост на младите Ромите
Ромаверзитас преку потпишување на меморандум за соработка со правни лица (фирми и компании) оствари соработка за остварување на работни пракси за студенти.

Практиканството се спроведуваше со времетраење до 2 месеци и истото беше  финансиски покриено со месечен хонорар за практикантите.

Во рамките на оваа активност беа постигнати следните цели:
- 3 практиканти остварија работна пракса
- Потпишани меморандуми за соработка
- Вклучени ментори кои што ја организираа праксата на студентите
- стекнати практични знаења, вештини и способности претежно во областа на приватнио бизнис, граѓанскиот сектор како и сервисно и услужно орентираните работни дејности.
- здобиени знаења кои се неопходни при аплицирање
- практикантите станаа поконкурентни на постоечкиот пазар на труд
- и се мотивираа и охрабрија учениците да се залагаат за професионално надоградување и стекнување на вештини кои се неопходни за настап на пазарот на труд

*Работните пракси треба да бидат со многу поголемо траење и да бидат опфатени повеќе студенти затоа што тоа е вистинска можност за успец, вели еден од студентите вклучен во оваа активност.*

7. Англискиот јазик и компјутери
Заради стекнување на знаења и сертификат за познавање на англискиот јазик и компјутерските вештини се спроведоа активности за поддршка на 12 студенти кои што беа вклучени во курсевите.

Сите посетители на курсот се стекнаа со :
- Сертификат, и преку часовите имаа можност за дополнителни знаења и усовршување;

Оваа активност ги поттикна, мотивираше и ги стимулираше, да се залагаат за професионално надоградување и стекнување на вештини кои се неопходни за настап на пазарот на труд.

Како најсоодветно училиште за спроведување на курсот беше избрано училиштето Лингва Франка и компјутери, со кое што Ромаверзитас има добра соработка.




8. Обука за активирање на пазарот на труд и надоградување на академски перформанси
Ромаверзитас во рамките на проектот организираше дводневен Трениг за активирање на пазарот на труд и академски настап. За оваа цел беше ангажиран експерт кој опсежно ја образложи темата поврзан со пазарот на труд. Беа спроведени работни сесии на кои студентите се стекнаа со знаења кои ќе помогнат во нивниот иден професионален и кариерен развој.

ROMA EDUCATION FUND

Funded by the European Union



Во оваа активност беа вклучени 10 корисници.

Ромаверзитас треба да организира летни и зимски школи  и тие *се посебна одлика на Ромаверзитас кои што ни овозможува не само да се стекнеме со нови знаења него и да се запознаеме и социјализираме со нашите колеги, вели една од учесничките на дводневниот семинар.*

Funded by
the European Union

romaversitas
north macedonia

ROMA
EDUCATION
FUND

The project is funded by the European Commission through the Directorate- General for Neighbourhood and Enlargement Negotiations and is implemented by Roma Education Fund Romania and Roma Education Fund Serbia